**ОБРАЌАЊЕ НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА, РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА**

ПАНЕЛ: ГЛОБАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ИЗГЛЕДОТ ЗА ОПОРАВУВАЊЕ И РАСТ

ПРВА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ЕКОНОМСКО ЗАЗДРАВУВАЊЕ И РАСТ ПО КОВИД“

06 септември 2021 година

На самиот почеток сакам да им се заблагодарам на министерот за финансии, на премиерот и добро утро на сите.

Ако економист кој го напуштил овој свет пред 10-тина години, нѐ посети за време на пост-ковид фазата на обнова, најверојатно тој или таа би биле шокирани, нервозни и лути на повеќето од работите кои светот ги направи.

Сепак, мислам дека ковид-пандемијата покажа дека светот може да биде многу креативен, многу брз во адаптирање и многу добар за соработка во време на егзистенцијални кризи.

Мојата прва молба би била дека ни треба истата креативност и соработка за да се носиме со пост-ковид светот.

Како што вели популарната изрека, дека никогаш не треба да пропуштиме добра криза, мислам дека за разлика од некои од другите финансиски кризи, ова е моментот кога поголемиот дел од економистите и политичарите се согласуваат дека она што ние продолжуваме да го споменуваме за нашите социјални навики – враќањето во нормалноста, не е опција кога станува збор за државните политики, за политиката генерално и особено за економијата. Она што за прв пат беше формулирано во САД – „изгради повторно и подобро“, што е видливо во плановите за обнова на ЕУ, мислам дека треба да биде амбицијата и за земји како Северна Македонија.

Перцепцијата на мнозинството граѓани во многу земји е дека нормалното е скршено и ова е зошто всушност поголемиот дел од нашите политички и економски одлуки мора да целат кон нешто подобро.

Според мене, има навистина амбициозен список за тоа – а, првото е нешто што веќе беше споменато – да се генерира порамноправен свет, потоа да креираме економија која ќе биде помалку зависна од јаглен (less carbonated), да изградиме модерна инфраструктура, универзална здравствена заштита, да создадеме координирани правила на дигиталната ера и, и покрај нашата главна цел која е насочена кон борба со климатските промени, истовремено да планираме за ефектите на климатските промени со кои веќе се соочуваме – погледнете ги пожарите, поплавите. Ова бара генерална обнова на сите наши системи, почнувајќи од безбедноста, ширејќи се кон различни области.

Јас мислам дека, практично, опцијата за функционирање на стариот начин, повеќе не е опција. Видовме како владите можат да ставаат пари во економијата, нешто што ќе го задржиме и во периодот пост-ковид, не само во економијата, туку и во јавната инфраструктура. Но, кога ќе ги даваме овие пари со што ќе овозможиме економијата да расте, наште политички приоритети и цивилизациски приоритети мора да бидат повидливи. Јас верувам дека ќе ја пропуштиме шансата ако не ги комбинираме силните субвенции кои ги дававме и ќе ги даваме на компаниите со – поголема општествена одговорност во однос на животната средина и подобри социјални модели кои ќе ги користиме како дел од нашите буџетски политики за повторно да ги разгледаме даночните системи, политиките на доход како и некои од политиките против сиромаштијата.

Не мислам дека ова е само нешто што е правилно, туку и нешто што е паметно да го направиме.

Кога зборуваме за аргументите за ова тврдење, ќе се вратам на мојата област – одбраната. Минатата година Северна Македонија стана 30-та членка на Алијансата, тоа беше огромен, историски успех за оваа млада нација и успехот е секогаш добредојден за економијата дури и во време на криза. Тоа помалку или повеќе ни помогна да го компензираме губитокот на доверба во однос на идната потрошувачка и инвестиции, што беше видливо во процените на кредитниот рејтинг за Северна Македонија, а беше видливо и во однесувањето на дел од приватните и јавните инвеститори.

Кога ние дискутиравме, минатата година, за нова и клучна реформска агенда за НАТО, многу зборувавме за отпорноста, односно, кај нас, за креирање на едно поотпорно општество. Нашето општество, според процената на Минхенската безбедносна конференција не е директно под закана на конкуренцијата на големите сили или другите прашања кои се видливи во светската арена.

Но, што се случува во нашите општества? – Раст на илиберализам, нестабилност во западниот идентитет. За да се бориме со овие трендови, мора да ги направиме не само нашите институции, туку и нашите општества поотпорни. Аако не се фокусираме на коренот на овие нестабилности, поголемиот дел од работите што ги правиме дури и во одбранбениот сектор, нема да бидат доволни. Затоа, мојата молба е да кажеме – „да“ за да се бориме со нееднаквоста, „да“ за да се бориме со корупцијата, „да“ за ги преанализираме практично сите правила кои беа типични за нашиот систем пред две години.

Да бидеме покреативни и да ја гледаме големата слика постојано.

Ви благодарам.